РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - MAKEDONYA CUMHURIYETI
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA BELEDIYESI
Бр.-No. 04-312/13
26.06. 2018 год.-yili
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Врз основа на член 52 точка (1) од Законот за административни службеници ( „Службен весник на Република Македонија " бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 02/17, 16/17 и 11/18). Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА донесе:

**О Д Л У К А**

**За вршење избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на админстративен службеник**

1. Кандидатот **Мухарем Имеровски** се избира за работното место УПР0101Б04000, раководител на одделение за управување со човечки ресурси, во општина Центар Жупа.
2. Оваа одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на општината.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина центар Жупа на сопствената веб страна и веб страната на Агенцијата за администрација на ден 14.06.2018 година објави интерен оглас број 01/2018 за пополнување на работно место со унапредување на еден административен службеник за работно место УПР0101Б04000, раководител на одделение за управување со човечки ресурси во општина Центар Жупа.

Комисијата за селекција за унапредување на ден 25.06.2018 година спроведе административна селекција за интерен оглас (записник број 04-312/11 од 25.06.2018) и интервју за унапредување на административен службеник (записник број 04 – 312/12 од 25.06.2018).

Врз основа на резултатите од спроведените фази за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување изготви конечна ранг листа и предлог за избор на кандидатот **Мухарем Имеровски на работно место УПР0101Б04000, раководител на одделение за управување со човечки ресурси,** во општина Центар Жупа, кој во законскиот рок го достави до градоначалникот на општината заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб страната на општината.

Градоначалник
М-р. Аријан Ибраим

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА MAKEDONYA CUMHURIYETI MERKEZ JUPA BELEDIYESI

Доставено до :

- Кандидатот
- Одделение за УЧР